# Формирање на „Регионален центар за сертификација“во Југоисточниот плански регион



Во Југоисточниот плански регион земјоделско-прехрабениот сектор е водечка стопанска гранка, а во вкупното земјоделство во Македонија како регион е прв и најзначаен во градинарското производство, а втор по значење во тутуно производство и лозарството.

Во отсуство на сертификациони тела за производи во земјоделско-прехрамбениот сектор, деловните фирми кои се претежно извозно ориентирани се изложени на големи трошкови во ангажирањето на надворешни-странски акредитирани сертификациони тела во издавањето на потребните сертификати.

Со формирање на Центарот за сертификација на земјоделско - прехрамбени производи и со отпочнување со работа на сертификационо тело ќе се овозможи да производителите на земјоделско прехрамбените производи побрзо се прилагодуваат кон критериумите и условите што се применуваат во агрокомплексот во земјите членки на ЕУ, а со тоа ќе се подобри економската ситуација и квалитетот на животот на луѓето кои директно или индиректно зависат од развојот на земјоделско - прехрамбениот сектор.

## Краток преглед на проектот:

**Надлежен:**
- Центар за развој на Југоисточен плански регион

**Партнери:**
- Општина Валандово

**Времетраење:**
01.06.2010-01.09.2011

**Финансирано од:**
- Биро за регионален развој
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион
- Општина Валандово

**Цел на проектот:**

Формирање на „Центар за сертификација на земјоделско -прехрамбени производи“ од страна на сите десет општини од регионот како основачи, и обезбедување на потребниот јавен сервис на земјоделските производители и преработувачи за непречен пласман на меѓународните пазари

**Контакт:**
Ристо Чивчиев - координатор на проектот
ул. Боро Џони бр. 10
2 400 Струмица
моб. 070/ 238-949
Тел. / факс 034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk



**Цели на проектот**

- Подобрување на условите за добивање на мегународни сертификати на земјоделско-прехрамбените производи од регионот
- Зголемување на нивната конкурентност на мегународниот пазар



**Очекувани резултати**

- Раст на земјоделското производство
- Извоз на земјоделските производи
- Извоз на индустриските производи